**Проф. д-р Олга Кошевалиска**[1]

**М-р Иван Буралиев**[2]

# ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2017–2024): ФЕНОМЕНОЛОШКА АНАЛИЗА И ИМПЛИКАЦИИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ НА ПРЕВЕНЦИЈА

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.91-053.2/.6(497.7)"2017/2024"**
**УДК 343.8:343.91-053.2/.6(497.7)"2017/2024"**

**Апстракт**

Овој труд претставува квантитативна анализа на детското престапништво во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2024 година. Истражувањето е засновано врз официјални статистички податоци за бројот на осудени деца, нивната полова, старосна, територијална и кривичноправна структура, како и видот на изречените санкции. Анализата покажува дека детското престапништво е релативно стабилен феномен, со доминација на имотните кривични дела, делата против јавниот ред и безбедноста на сообраќајот. Половата структура укажува на изразена застапеност на машките деца, додека, пак, територијалната распределба открива концентрација на престапништвото во одредени општини. Казнената политика е доминантно ориентирана кон примена на воспитни мерки, што е во согласност со меѓународните стандарди за постапување со деца во судир со законот. Резултатите упатуваат на потреба од јакнење на локалните превентивни политики, рана интервенција и интегриран институционален пристап.

**Клучни зборови:** *детско престапништво, квантитативна анализа, деца, санкции, превентивни политики, Северна Македонија.*

---

[1] Редовен професор на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk.

[2] Докторанд на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, buraliev.ivan@gmail.com.

## 1. ВОВЕД

Детското престапништво претставува еден од најкомплексните и најчувствителни сегменти на современата криминологија. Тоа истовремено ја допира сферата на кривичното право, социјалната заштита, образованието, јавната безбедност и заштитата на човековите права на децата. Малолетните сторители не се само субјекти на кривичноправна одговорност, туку и лица со развојни, социјални и психолошки специфичности, што бара поинаков пристап во однос на полнолетните сторители.[3]

Во последните години, детското престапништво во Северна Македонија е под зголемено внимание на стручната и пошироката јавност, особено поради појавата на нови облици на девијантно однесување, како и поради урбаните и социјалните трансформации што влијаат врз животот на младите. Оттука е и потребата од систематска анализа, поткрепена со бројки, која е од суштинско значење, како за научната заедница, така и за креаторите на јавните политики.[4]

Целта на овој труд е да понуди објективна криминолошка слика за детското престапништво во периодот од 2017 до 2024 година преку анализа на неговата динамика, структура и просторна распределба, како и критичка процена на казнената политика и нејзините превентивни ефекти.

## 2. ТЕОРЕТСКА РАМКА И ПОЛИТИКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Современата криминолошка теорија го објаснува детското престапништво како резултат на сложена интеракција помеѓу индивидуални, семејни и општествени фактори.[5] Во овој контекст, најчесто се користат теориите на социјално учење, социјална контрола, социјална дезорганизација и теориите за маргинализација.[6] Според овие

[3] Лажетиќ, Г., Мисоски, Б., Кошевалиска, О., Нанев, Л., (2025) Правда за деца, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје; Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015): Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје; Petrovska, N. (2016). Детско престапништво: Превенција и превентивни програми. Графостил.

[4] Lazetik, G., Mujoska Trpevska, E., Nanev, L., & others. (2021). Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво: Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции. Македонско пенолошко друштво.

[5] Камбовски, В., Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Арифи, Б., Кошевалиска, О., (2018): Коментар на закон за правда за децата со практикум, УНИЦЕФ, во текстот како Камбовски et. all (2018).

[6] Лажетиќ, Г., Мисоски, Б., Кошевалиска, О., Нанев, Л., (2025), Правда за деца, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје; Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенцијана детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf.

пристапи, детето не станува престапник изолирано, туку низ процеси на моделирање, притисок од врснички групи, слаби семејни врски, сиромаштија, образовна исклученост и ограничени животни перспективи.[7]

Политиките за превенција на детското престапништво во современите системи се темелат врз три нивоа: примарна превенција (насочена кон целата популација на деца), секундарна превенција (насочена кон ризични групи) и терцијарна превенција (насочена кон веќе идентификувани сторители). Во овој контекст, кривичноправниот систем има улога не само да санкционира, туку и да ресоцијализира и да превоспитува.[8]

Феноменолошката анализа на детското престапништво претставува клучен сегмент за разбирањето на структурата, динамиката и доминантните облици на криминално однесување кај децата.[9] За разлика од етиолошките пристапи, кои се фокусираат на причините, феноменологијата го анализира формалниот изглед на криминалот, неговите манифестации, застапеност и распределба во просторот и во времето. Во таа смисла, анализата на периодот 2017–2024 година овозможува согледување на реалните трендови според видови кривични дела и нивната општествена опасност.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето се темели врз анализа на официјални статистички податоци за осудени деца во Република Северна Македонија за периодот од 2017 до 2024 година.[10] Се применува квантитативен, дескриптивен и аналитички истражувачки пристап, со цел да се согледа динамиката на детското престапништво, нејзината структура според видовите кривични дела, половата и старосната распределба на сторителите, територијалната концентрација според општини, како и видот на изречените кривични санкции. Податоците се обработени според принципите на компаративна и тренд-анализа, што овозможува согледување на развојните текови на појавата низ времето,

---

[7] Камчева, Т. (2011). Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и условите за живот во семејството. Магистерски труд, Педагошки факултет, УГД, Штип.

[8] Petrovska, N. (2021). Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво. Македонско пенолошко друштво; Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Petrovska, Nevena (2019) *Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст*. Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26 (1-2). pp. 1-27. ISSN 1409-5327.

[9] Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

[10] Државен завод за статистика https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniDecaStoriteli/650_SK4_Op_T35_ml.px/table/tableViewLayout2/.

наместо нејзина исклучиво статична интерпретација. Во делот на територијалната распределба е применет и картографски приказ, со цел визуелно идентификување на просторните концентрации на детското престапништво.

Трудот претставува криминолошко-статистичка анализа со директна применливост во процесите на креирање и унапредување на јавните политики за превенција на детското престапништво. Истражувањето има временско-сериски карактер, што овозможува следење на флуктуациите, стабилноста и насоката на промените во детското престапништво во анализираниот период. Ваквиот пристап овозможува подлабоко разбирање на феноменолошките карактеристики и трендовите на детското престапништво во национален контекст.

Изворите на податоци што се користат во истражувањето се секундарни официјални статистички податоци преземени од Државниот завод за статистика и базата МАКСТАТ. Истражувањето го опфаќа периодот од 2017 до 2024 година, кој претставува доволно долг временски интервал за следење стабилни трендови и структурни промени во детското престапништво. Овој период е особено релевантен бидејќи ги опфаќа и годините во кои се случуваат значајни социјални, економски и безбедносни промени, како и периодот на пост-ковид ефектот, кој има потенцијално влијание врз однесувањето на младите и функционалноста на институциите.

Предмет на истражувањето е феноменолошката структура на детското престапништво, при што како единици на анализа се земени бројот на осудени деца, видовите кривични дела, изречените кривични санкции и територијалната распределба според општини. Преку овие аналитички единици се овозможува согледување на најзначајните карактеристики на појавата, како и нејзината просторна и временска димензија.

Во обработката и интерпретацијата на податоците се применети повеќе научни методи. Методот на анализа и синтеза е користен за разложување и интегрирање на податоците според различни основи, компаративниот метод за споредба меѓу различни години, групи кривични дела и општини, статистичкиот метод за обработка на апсолутни и релативни вредности, како и криминолошката интерпретација за поврзување на бројките со поширокиот социјален и безбедносен контекст. Дополнително е применет и нормативно-интерпретативен метод, со цел поврзување на

добиените резултати со системот на санкции спрема деца и нивната функција во превоспитниот процес.

Истражувањето има и определени објективни ограничувања. Анализата се базира исклучиво врз евидентиран и процесиран криминал, па затоа не ја опфаќа т.н. „темна бројка“ на криминалитет, односно кривичните дела што не се пријавени или не влегле во судска постапка. Не се анализираат индивидуалните психолошки и лични карактеристики на сторителите, а сите податоци се агрегатни и неиндивидуализирани. И покрај овие ограничувања, истражувањето овозможува релевантни, валидни и научно оправдани заклучоци за состојбата и тековите на детското престапништво во Северна Македонија.

Основната цел на истражувањето е да се идентификува структурата на детското престапништво, да се утврдат доминантните кривични дела, да се согледа територијалната концентрација и да се понудат научно засновани препораки за унапредување на политиките на превенција. Научниот придонес на трудот се состои во систематска феноменолошка анализа на детското престапништво за релативно долг временски период, поврзување на статистичките податоци со криминолошката теорија и обезбедување директна применливост на резултатите во областа на малолетничката политика, социјалната заштита и локалната безбедност.

## 4. ДИНАМИКА НА ОСУДЕНИ ДЕЦА ВО ПЕРИОДОТ 2017–2024 ГОДИНА

Анализата на динамиката на осудените деца во периодот 2017–2024 година овозможува јасен увид во интензитетот, насоката на движење и степенот на стабилност на детското престапништво во Република Северна Македонија. Овој осумгодишен временски интервал претставува релевантна основа за утврдување трендови, особено ако се имаат предвид значајните социјални, економски и безбедносни промени што го обележаа анализираниот период, вклучувајќи ја и пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и нејзините последици врз функционирањето на институциите и секојдневниот живот.

**Табела 1. Вкупен број пријавени, обвинети и осудени деца според години.**

| ГОДИНА | ПРИЈАВЕНИ ДЕЦА | ОБВИНЕТИ ДЕЦА | ОСУДЕНИ ДЕЦА |
|---|---|---|---|
| **2014** | 972 | 712 | 461 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2015** | 772 | 465 | 348 |
| **2016** | 587 | 702 | 468 |
| **2017** | 578 | 554 | 368 |
| **2018** | 554 | 403 | 330 |
| **2019** | 525 | 470 | 304 |
| **2020** | 610 | 481 | 350 |
| **2021** | 589 | 553 | 382 |
| **2022** | 473 | 339 | 262 |
| **2023** | 433 | 374 | 307 |
| **2024** | 486 | 365 | 300 |

Во 2017 година се евидентирани 368 осудени деца, што претставува почетна референтна точка за анализата. Во 2018 година, бројот се намалува на 330, што укажува на краткорочно опаѓање на регистрираното малолетничко престапништво. Во 2019 година се забележува понатамошен пад на 304 осудени деца, што претставува најниска вредност во првиот дел од анализираниот период.

Во 2020 година следува повторен раст на 350 осудени деца, а во 2021 година е регистрирана највисоката вредност во целиот анализиран период – 382 осудени деца. Овој изразен пораст временски се совпаѓа со пандемијата предизвикана од КОВИД-19, што упатува на можна поврзаност помеѓу нарушените социјални односи, прекините во образовниот процес, зголемената социјална изолација и ранливоста на младата популација, како и изменетото функционирање на институциите за социјална заштита и контрола.[11]

Во 2022 година се забележува најголемо нагло опаѓање, при што бројот на осудени деца се намалува на 262, што претставува најниска вредност во целиот анализиран период. Овој пад може да се поврзе со постпандемиските ефекти, постепеното нормализирање на институционалната работа, но и со можни промени во динамиката на откривање, гонење и процесирање на кривичните дела сторени од деца.

Во 2023 година, бројот повторно се зголемува на 307 осудени деца, а во 2024 година изнесува 300, што укажува на релативна стабилизација на детското

[11] Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Петровска, Н., 2020, Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, ОБСЕ Мисија во Скопје и СППМД.

престапништво во последните три години од анализираниот период. Оваа стабилизација се карактеризира со умерен обем на осуди, без нагли осцилации како во претходните години.

**Графикон 1. Осудени деца во периодот 2017–2024 година.**




Извор: Државен завод за статистика.

Генерално гледано, анализираниот период покажува флуктуирачки тренд со изразени осцилации, при што највисоката вредност е регистрирана во 2021 година, а најниската во 2022 година. Истовремено, периодот 2023–2024 година се одликува со релативно стабилен и умерен обем на осудени деца.

Овие податоци јасно укажуваат дека детското престапништво не се движи по линеарна патека, туку е под силно влијание на пошироките општествени услови, институционалниот капацитет и безбедносниот контекст. Од криминолошки аспект, ваквата динамика ја потврдува тезата дека детското престапништво е чувствителен социјален феномен, подложен на надворешни шокови и структурни промени. Поради тоа, добиените резултати упатуваат на потребата од континуирано следење на

состојбите, но и од флексибилни, адаптивни и таргетирани политики за превенција, кои ќе одговараат на специфичните ризици и предизвици во секоја поединечна фаза.

## 5. СТРУКТУРНА АНАЛИЗА НА ОСУДЕНИТЕ ДЕЦА СПОРЕД ГРУПИ КРИВИЧНИ ДЕЛА (2017–2024)

Структурната анализа на осудените деца според видовите кривични дела во периодот 2017–2024 година овозможува подлабоко согледување на феноменолошките карактеристики на детското престапништво и доминантните облици на криминално однесување кај малолетната популација во Република Северна Македонија.[12] Овој пристап овозможува не само утврдување на квантитативната застапеност на поединечните групи кривични дела, туку и нивната социјална тежина, ризичност и криминолошко значење.

Во целиот анализиран период се забележува јасна и континуирана доминација на кривичните дела против имотот, кои претставуваат најзастапена категорија во структурата на детското престапништво. Во 2017 година се регистрирани 251 осудено дете за имотни деликти, во 2018 година се регистрирани 188, во 2019 година се регистрирани 181, во 2020 година се регистрирани 153, во 2021 година се регистрирани 164, во 2022 година се регистрирани 105, во 2023 година се регистрирани 120 и во 2024 година се регистрирани 110 осудени деца. Овој податок укажува дека, и покрај одредените годишни флуктуации, имотниот криминал останува најдоминантен облик на криминално однесување кај децата. Во подолгорочна перспектива може да се забележи умерена тенденција на опаѓање, што може да се толкува како резултат на подобрени превентивни механизми, но и како одраз на промените во економските и социјалните услови.

На второ место според застапеност се кривичните дела против јавниот ред и мир. Во 2017 година се евидентирани 37 осудени деца, во 2018 година се евидентирани 53, во 2019 година се евидентирани 29, во 2020 година се евидентирани 48, во 2021 година се евидентирани 45, во 2022 година се евидентирани 26, а во 2023 и 2024 година се евидентирани по 70 осудени деца. Особено се издвојува наглиот пораст во последните две години, што упатува на зголемено насилничко, асоцијално и конфликтно

---

[12] За повеќе види и Лажетиќ, Г., Мисоски, Б., Кошевалиска, О., Нанев, Л., (2025) Правда за деца, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје.

однесување на јавен простор, најчесто поврзано со групна динамика и урбано окружување.

Кривичните дела против животот и телото се релативно стабилно присутни во сите анализирани години. Во 2017 година се регистрирани 29 осудени деца, во 2018 година се регистрирани 44, во 2019 година се регистрирани 38, во 2020 година се регистрирани 39, во 2021 година се регистрирани 25, во 2022 година се регистрирани 23, во 2023 година се регистрирани 43 и во 2024 година се регистрирани 38. Иако овие дела не доминираат во структурата, нивната континуирана присутност укажува дека насилството кај децата претставува постојан и сериозен безбедносен ризик.[13]

Кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај се исто така значително застапени. Во анализираниот период тие се движат од 23 до 37 осудени деца годишно, што укажува на континуиран проблем со сообраќајната дисциплина, раната моторизација, ризичното однесување и недоволниот родителски надзор. Иако овие дела најчесто имаат ненамерен карактер, нивните последици може да бидат фатални, што ја зголемува нивната општествена опасност.

Особено чувствителна, иако помалку застапена според бројноста, е групата кривични дела против половата слобода и половиот морал. Во 2017, 2018 и 2019 година се евидентирани по 2 осудени деца, во 2020 година се евидентирани 5, во 2021 година се евидентирани 9, во 2022 година се евидентирани 15, во 2023 година се евидентирани 4 и во 2024 година се евидентирани 7. Иако апсолутните бројки се релативно ниски, зголемувањето во одделни години претставува алармантен сигнал, особено од аспект на заштитата на децата како жртви и сторители истовремено.[14]

---

[13] Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683. Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf. Lazetik, G., Mujoska Trpevska, E., Nanev, L., & others. (2021). Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво: Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции. Македонско пенолошко друштво.

[14] Фетаи, Ф. (2023). Положбата на жртвата во кривичната постапка во светлина на предложените измени на Директивата на ЕУ за правата на жртвите од 2012 година. Македонска ревија за казнено право и криминологија. Преземено на 15.10.2025 г. од http://maclc.mk/Upload/Documents/FF.pdf, Груевска Дракулевски, А., Стојановски, В. (2013): Положбата на децата сведоци и жртви на кривични дела во македонското законодавство наспроти стандардите на Европската Унија, Вградување на знаењето за ЕУ, Збирка на документи за јавна политика, Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје, стр.139; Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2016) *Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка*. Стручно списание „Правник“ (293). pp. 50-60. ISSN 1409-5238.

Останатите групи кривични дела – против здравјето на луѓето, правниот сообраќај, животната средина, јавните финансии, како и делата против семејството и младината – се застапени со значително пониски вредности. Иако нивното феноменолошко учество е маргинално, тие носат висока правна и социјална тежина, особено кога се поврзани со употреба на наркотични средства, семејно насилство или експлоатација на деца.

**Табела 2. Осудени деца според групите кривични дела во периодот 2017–2024 година (сумарен преглед на најчести кривични дела).**

| Група кривични дела | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Против имотот** | 251 | 188 | 181 | 153 | 164 | 105 | 120 | 110 |
| **Против јавниот ред и мир** | 37 | 53 | 29 | 48 | 45 | 26 | 70 | 70 |
| **Против животот и телото** | 29 | 44 | 38 | 39 | 25 | 23 | 43 | 38 |
| **Против безбедноста на јавниот сообраќај** | 32 | 25 | 24 | 28 | 28 | 25 | 37 | 23 |
| **Против половата слобода и моралот** | 2 | 2 | 2 | 5 | 9 | 15 | 4 | 7 |
| **Останати кривични дела** | 17 | 18 | 28 | 77 | 111 | 68 | 33 | 52 |
| **ВКУПНО** | 368 | 330 | 302 | 350 | 382 | 262 | 307 | 300 |

Извор: Државен завод за статистика.

Структурата на осудените деца во анализираниот период покажува дека детското престапништво во Република Северна Македонија има изразен имотен и економски (егзистенцијален) карактер, со стабилно присуство на насилни кривични дела. Насилните и половите деликти, иако квантитативно помалку застапени, носат висока општествена опасност и сериозна индивидуална и колективна штета. Целокупната структура упатува на рани фази на криминална кариера со претежно опортунистички, а не организиран карактер, при што социјалните ризици, сиромаштијата, образовната запоставеност и врсничките групни влијанија имаат суштинска улога.[15]

## 6. ПОЛОВА СТРУКТУРА НА ОСУДЕНИТЕ ДЕЦА

Анализата на половата структура покажува исклучителна доминација на машките деца како сторители на кривични дела. Во сите години, нивното учество е над 90 %,

[15] Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016*. Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

додека, пак, девојчињата се застапени со релативно мал процент. Овој податок е во согласност со класичните криминолошки сознанија дека престапничкото однесување кај децата во голема мера е машки феномен, поврзан со агресија, ризично однесување и социјални улоги.[16] Овој наод претставува една од најконзистентните феноменолошки карактеристики на детското престапништво и е целосно усогласен со утврдените криминолошки закономерности во национални и меѓународни рамки.

Во 2017 година, од вкупно 368 осудени деца, 354 биле машки, а 14 женски лица, што значи дека машките деца учествувале со 96,2 % од вкупниот број. Слична состојба се забележува и во 2018 година, кога од 330 осудени деца, 313 биле машки, а 17 женски, односно машките сочинувале 94,8 % од вкупниот број. Во 2019 година, од 304 осудени деца, 287 биле машки, а 17 женски, што повторно укажува на висока полова диспропорција (94,4 % машко учество).

Во 2020 година се регистрирани 350 осудени деца, од кои 333 машки и 17 женски, што значи дека машките и натаму учествувале со над 95 % од вкупниот број. Во 2021 година, која истовремено претставува година со највисок вкупен број осудени деца се забележува и најизразено учество на женските деца во анализираниот период. Од 382 осудени деца, 352 биле машки, а 30 женски, што значи дека девојчињата учествувале со 7,9 % – највисок процент во целиот анализиран временски интервал. Во 2022 година, од 262 осудени деца, 240 биле машки, а 22 женски, што укажува на повторно зацврстување на машката доминација (91,6 %). Во 2023 година се регистрирани 307 осудени деца, од кои 292 машки и 15 женски, додека, пак, во 2024 година, од 300 осудени деца, 287 биле машки, а 13 женски, што повторно укажува на исклучително висока машка застапеност од 95,7 %.

**Табела 3. Осудени деца според пол (2017–2024)**

| *Година* | *Вкупно* | *Машки* | *Женски* | *Вкупно осудени женски деца* |
|---|---|---|---|---|
| *2017* | 368 | 354 | 14 | 3,8 % |
| *2018* | 330 | 313 | 17 | 5,2 % |
| *2019* | 304 | 287 | 17 | 5,6 % |
| *2020* | 350 | 333 | 17 | 4,9 % |

[16] Nanev, L., Kosevaliska, O., Maksimova, E., & Rogleva, A. (2021). Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност. In Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD (6–7 September 2021, Shtip).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *2021* | 382 | 352 | 30 | 7,9 % |
| *2022* | 262 | 240 | 22 | 8,4 % |
| *2023* | 307 | 292 | 15 | 4,9 % |
| *2024* | 300 | 287 | 13 | 4,3 % |

Родовата структура на осудените деца во периодот 2017–2024 година покажува изразена и трајна доминација на машките деца, кои континуирано учествуваат со повеќе од 90 % од вкупниот број осудени. Учеството на женските деца се движи во распон од 13 до 30 случаи годишно, при што најзначителен пораст се забележува во 2021 година. Овие податоци јасно ја потврдуваат криминолошката закономерност за значително повисока инциденца на криминално однесување кај машките адолесценти. Истовремено, и покрај квантитативно помалото учество, присуството на девојчиња како сторители укажува на постепена промена во традиционалните родови обрасци на девијантно однесување.[17]

Од криминолошки аспект, податоците ја потврдуваат тезата дека детското престапништво во Северна Македонија е изразено „мажествено" детерминиран феномен. Повисоката застапеност на машките деца може да се поврзе со нивната зголемена изложеност на врснички притисок, поизразените модели на агресивно однесување, послабата социјална контрола во јавниот простор и поголемата инволвираност во имотни и насилни деликти. Зголемениот број осудени девојчиња во 2021 година може да упатува на појава на нови форми на девијантно однесување кај женската адолесцентна популација, особено во контекст на дигиталниот простор, семејните конфликти, злоупотребата на психоактивни супстанции и групното престапништво.[18]

Од аспект на креирањето политики за превенција, половата структура на осудените деца јасно укажува дека превентивните мерки мора да бидат родово сензитивни. Доминацијата на машките сторители наметнува потреба од системски програми за работа со машки адолесценти во ризик, особено во рамките на училиштата, локалните

[17] Nanev, L., Kosevaliska, O., Maksimova, E., & Rogleva, A. (2021). Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност. In Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD (6–7 September 2021, Shtip).
[18] Ibid.

заедници и спортските активности, со цел градење ненасилни модели.[19] Истовремено, иако помалку застапени според бројноста, девојчињата како сторители не смее да бидат запоставени во превентивните политики, особено од аспект на психосоцијалната поддршка, заштитата од виктимизација и спречувањето секундарна криминализација.

## 7. КАЗНЕНА ПОЛИТИКА КОН ОСУДЕНИТЕ ДЕЦА ОД 14 ДО 16-ГОДИШНА ВОЗРАСТ (2017–2024)

Анализата на санкциите изречени кон осудените деца од 14 до 16-годишна возраст во периодот 2017–2024 година укажува на јасна доминација на воспитно-превентивните и неинституционалните мерки во казнената политика кон малолетните сторители.

Од вкупно 693 изречени санкции:

- 42,3 % се однесуваат на мерка на засилен надзор од страна на родители или старатели (293 случаи);
- 28,6 % се однесуваат на засилен надзор од центарот за социјални работи (198 случаи);
- 23,7 % се дисциплински мерки – укор (164 случаи);
- само 1,0 % се заводски мерки во воспитна установа (7 случаи);
- а 4,5 % воспитно-поправен дом (31 случај).

**Табела 4. Вкупен број изречени санкции според вид и според години.**

| Година | Вкупно | Укор | Засилен надзор од родители | Засилен надзор од ЦСР | Заводски мерки | Воспитно-поправен дом |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | 112 | 11 | 63 | 34 | 2 | 2 |
| **2018** | 73 | 10 | 39 | 18 | 3 | 3 |
| **2019** | 82 | 20 | 32 | 28 | 0 | 2 |
| **2020** | 80 | 27 | 29 | 21 | 0 | 3 |
| **2021** | 93 | 28 | 31 | 24 | 0 | 10 |
| **2022** | 66 | 11 | 28 | 21 | 0 | 6 |
| **2023** | 100 | 29 | 40 | 27 | 2 | 2 |

[19] Petrovska, N. (2021). Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво. Македонско пенолошко друштво.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | 87 | 28 | 31 | 25 | 0 | 3 |
| **Вкупно** | 693 | 164 | 293 | 198 | 7 | 31 |

Овие податоци недвосмислено укажуваат дека казнената политика во Северна Македонија е изразито ориентирана кон заедницата и семејството, а не кон институционална репресија. Заводските мерки се користат како исклучителна опција резервирана за најтешките случаи, согласно меѓународните стандарди и меѓународните инструменти ратификувани во нашето законодавство.[20]

Особено е значајно тоа што во 2019, 2020 и 2022 година воопшто не е изречена мерка на воспитна установа, додека, пак, најголема употреба на воспитно-поправниот дом има во 2021 година (10 случаи), што може да се поврзе со специфичните околности во пандемијата.

## 8. КАЗНЕНА ПОЛИТИКА КОН ОСУДЕНИТЕ ДЕЦА ОД 16 ДО 18-ГОДИШНА ВОЗРАСТ (2017–2024)

Анализата на изречените кривични санкции кон осудените деца од 16 до 18-годишна возраст во периодот 2017–2024 година овозможува продлабочено согледување на казнената политика спрема постарата категорија малолетни сторители, кај кои е забележлива поголема изложеност на потешки облици на криминално однесување и построга кривичноправна реакција.

Вкупниот број осудени деца од оваа старосна група се движи од 256 во 2017 година, 257 во 2018 година, 218 во 2019 година, 270 во 2020 година, 289 во 2021 година, 196 во 2022 година, 207 во 2023 година, до 213 во 2024 година. Овие податоци укажуваат на релативна стабилност со изразени осцилации, при што највисока вредност се забележува во 2021 година, а најниска во 2022 година.

Податоците јасно покажуваат дека и кај оваа постара малолетничка група доминираат воспитно-корективните мерки, а не затворските казни. Најзастапени се:

Мерката на засилен надзор од страна на родители или старатели, која во сите години опфаќа значаен дел од осудените деца (на пример, 128 случаи во 2017 година,

[20] Buzarovska Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012), *Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците*. СППМД, Кавадарци. ISBN 978-9989-9968-0-1.

107 во 2018 година, 90 во 2019 година, 101 во 2020 година, 109 во 2021 година, 72 во 2022 година, 64 во 2023 година и 66 во 2024 година).

Мерката на засилен надзор од центарот за социјални работи, која исто така покажува континуирана примена (75 случаи во 2017 година, 101 во 2018 година, 95 во 2019 година, 85 во 2020 година, 90 во 2021 година, 58 во 2022 година, 56 во 2023 година и 52 во 2024 година). Дисциплинските мерки (укор) се редовно присутни, со изразена примена во 2020, 2021 и 2024 година.

Од друга страна, затворските казни се исклучително ретки, и тоа претежно во форма на пократки казни (до 2, до 3 или до 5 години), со поединечни случаи во 2017, 2018 и 2024 година. Казните затвор од 8 до 10 години и од 10 години нагоре се практично занемарливи или целосно отсутни, што укажува на исклучителна воздржаност на судовите при примената на најстрогата форма на санкционирање кон малолетните сторители.

Во однос на институционалните мерки, воспитно-поправниот дом има ограничена, но континуирана примена (6 случаи во 2017 година, 5 во 2018 година, 1 во 2019 година, 7 во 2020 година, 11 во 2021 година, 0 во 2022 година, 3 во 2023 година и 9 во 2024 година), при што најизразена употреба повторно се забележува во постпандемискиот период.

Овие резултати укажуваат на тоа дека кривичниот одговор кон децата од 16 до 18-годишна возраст во Северна Македонија е јасно заснован врз принципот на приоритет на воспитните мерки во однос на казнените санкции дури и кај постарата малолетничка група. Иако токму оваа старосна категорија е најблиску до полнолетството и најчесто е инволвирана во потешки облици на кривични дела (како што беше покажано во претходните делови), судската практика сепак останува претежно ориентирана кон:

- корекција на однесувањето;
- засилен социјален надзор;
- ресоцијализација во рамките на семејството и заедницата.

Фактот што затворските казни се исклучок, а не правило, го потврдува усогласувањето на националната казнена политика со основните меѓународни стандарди за правда за децата, според кои лишувањето од слобода треба да претставува

*ultima ratio* и да се применува само кога се исцрпени сите други воспитни и заштитни мерки.[21]

Истовремено, варијациите во бројот на воспитно-поправните мерки според години (особено зголемувањето во 2021 и во 2024 година) укажуваат на чувствителноста на системот кон општествените и криминолошките флуктуации, вклучително и постпандемиските последици врз малолетничката популација.

Добиените резултати укажуваат дека детското престапништво бележи јасна ескалација со возраста, што е во согласност со општите криминолошки законитости. Преминот од помлада кон постара адолесценција е проследен со зголемена фреквенција на кривични дела, поголема тежина на делата и посериозна кривичноправна реакција. Ова укажува на потребата од силно таргетирани превентивни политики,[22] при што кај помладите малолетници, фокусот треба да биде на психосоцијална поддршка, училишна превенција и работа со семејствата, додека, пак, кај постарите малолетници се неопходни структурирани ресоцијализациски програми, професионална ориентација и контрола на ризични врснички групи.[23]

Старосната структура недвосмислено укажува дека: примарната превенција треба да биде насочена кон децата од 10 до 14-годишна возраст, секундарната превенција кон групата од 14 до 16-годишна возраст, а кај групата од 16 до 18-годишна возраст доминира потребата од терцијарна превенција и ресоцијализација. Без навремена интервенција во помладата возраст, постои висок ризик престапничкото однесување да се трансформира во хроничен криминалитет во периодот на полнолетството.

## 9. ТЕРИТОРИЈАЛНА (ОПШТИНСКА) РАСПРЕДЕЛБА НА ОСУДЕНИТЕ ДЕЦА ВО ПЕРИОДОТ 2017–2024 ГОДИНА

[21] Камбовски, В., Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Арифи, Б., Кошевалиска, О., (2018): Коментар на Законот за правда за децата, со практикум, УНИЦЕФ. Buzarovska Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012), *Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците*. СППМД, Кавадарци. ISBN 978-9989-9968-0-1.

[22] Petrovska, N. (2016). Детско престапништво: Превенција и превентивни програми. Графостил.

[23] Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенцијана детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf; Лажетиќ Бужаровска, 2011, Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, Трет Загрепско-скопски правен колоквиум, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol. 61 No. 2 Ožujak 2011, стр. 441–468; Бужаровска, Г., Пајовиќ-Мишевска, С. (2010): Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничката правда, Зборник за малолетничка правда, Факултет за безбедност – Скопје.

Територијалната анализа покажува јасна концентрација на детското престапништво во одредени општини. Највисоки кумулативни вредности се бележат во Гостивар, Тетово, Кавадарци, Струмица, Охрид и во повеќе скопски општини. Истовремено, во руралните и помалите општини, бројот на осудени деца е значително понизок.

Ова укажува дека урбанизацијата, миграцијата, социјалната хетерогеност и економските притисоци имаат директно влијание врз појавата на детското престапништво.

Територијалната распределба на осудените деца претставува еден од најзначајните криминолошки индикатори за разбирање на просторната концентрација на детското престапништво, како и за влијанието на урбаните, социјалните и економските фактори врз појавата на девијантно однесување кај малолетниците. Анализата според општини за периодот 2017–2024 година овозможува јасно согледување на географските жаришта на ризик, но и на средините во кои детското престапништво е минимално или речиси отсутно.

Податоците недвосмислено укажуваат дека највисока концентрација на осудени деца е регистрирана во урбаните и гравитациски најсилни средини. Во текот на целиот анализиран период, како најизразени подрачја се издвојуваат Гостивар и Тетово, како и скопските општини Центар, Чаир, Карпош, Аеродром, Гази Баба, Ѓорче Петров и Кисела Вода. Кон оваа група се приклучуваат и Струмица, Штип, Куманово, Велес и Прилеп. Овие општини континуирано бележат повисоки вредности на осудени деца во речиси сите години од анализата, што јасно укажува на врската помеѓу густината на населението, степенот на урбанизација, социјалната хетерогеност и интензитетот на детското престапништво. Особено се издвојуваат Гостивар и Тетово, кои во повеќе години достигнуваат и десетици осудени деца годишно, што ги позиционира како територијално високоризични зони.

## Територијална дистрибуција на детското престапништво за периодот од 2017 -2024 год.

**Вкупно извршени кривични дела од деца, по општини за периодот од 2017 до 2024 година**




Карта: Олга Кошевалиска • Извор: Државен завод за статистика • Податоци за мапа: © OSM • Создаден со Datawrapper

Просторната дистрибуција, прикажана преку тематската карта за периодот 2017–2024 година, дополнително ги потврдува овие разлики и ја истакнува нерамномерната распределба на детското престапништво на територијата на државата. Највисока концентрација се забележува во урбаните центри, додека, пак, средно ниво на појава е регистрирано во општините како што се Штип, Велес, Чаир, Прилеп, Кисела Вода, Аеродром, Охрид, Кавадарци и Кочани. Овие средини се карактеризираат со умерен, но релативно стабилен интензитет на детско престапништво, со повремени осцилации според години и доминација на имотни деликти и нарушувања на јавниот ред. Тие претставуваат зона на потенцијална ескалација доколку не се преземат систематски и долгорочни превентивни интервенции.

На спротивниот пол од оваа просторна распределба се наоѓаат руралните и демографски мали општини, како што се Зрновци, Зелениково, Лозово, Конче, Ново Село, Пласница, Росоман, Крушево, Чучер-Сандево и Центар Жупа, во кои се бележи нула или симболичен број осудени деца во повеќегодишен период. Во овие средини,

детското престапништво има дисперзен и нестабилен карактер, без јасно изразен тренд. Ова укажува дека малата густина на населението, посилните меѓусебни социјални врски и повисокиот степен на неформална социјална контрола дејствуваат како значајни заштитни криминолошки фактори.

Во однос на структурата на кривичните дела според општини, во урбаните средини доминираат имотните кривични дела, делата против јавниот ред и мир и делата против безбедноста на сообраќајот. Во значително помал обем се застапени насилните дела против животот и телото и делата против половата слобода. Во руралните средини, пак, доминираат поединечни имотни деликти и спорадични нарушувања на јавниот ред, при што речиси целосно отсуствуваат организирани групни и сериозни насилни деликти.

Криминолошката интерпретација на овие просторни разлики упатува на изразен урбан карактер на детското престапништво. Ризикот од престапничко однесување расте со концентрацијата на населението, анонимноста на градската средина, зголеменото присуство на врснички криминогени групи, економската нееднаквост и социјалната фрагментација. Од друга страна, пак, руралните средини покажуваат повисок степен на природна превентивна заштита, но истовремено се соочуваат со ризици поврзани со недостапност на институционална поддршка, образовна изолација и ограничени можности за развој и професионална ориентација на младите.

Територијалната структура недвосмислено укажува дека универзалните превентивни политики немаат еднаков ефект во сите општини. Урбаните средини имаат потреба од интензивни училишни програми за спречување насилство, програми за социјална инклузија, како и развој на младинска инфраструктура преку спорт, култура и воннаставни активности како алтернатива на „улицата“. Во руралните средини, пак, потребно е јакнење на мобилните социјални служби, психолошката поддршка, како и подобрување на пристапот до образование и стручно оспособување. Просторната анализа затоа претставува клучен инструмент за креирање територијално таргетирани политики за превенција, интервенција и ресоцијализација на децата во судир со законот.

## ЗАКЛУЧОК

Анализата на детското престапништво во Република Северна Македонија за периодот 2017–2024 година покажува дека детското престапништво е силно подложно на општествени и институционални флуктуации. Динамиката според години открива осцилации поврзани со пандемијата, институционалната адаптација и променетите

социјални услови, при што по 2022 година се забележува релативна стабилизација. Родовата структура покажува изразена доминација на машките малолетници, што е во целосна согласност со општите криминолошки закономерности. Старосната структура укажува дека постарите малолетници (од 16 до 18-годишна возраст) се најзастапената и криминолошки најризична група, кај која се применуваат и најстрогите мерки. Територијалната анализа потврдува дека детското престапништво има јасен урбан карактер, со концентрација во поголемите општини и минимално присуство во руралните средини.

Структурата на кривичните дела покажува доминација на имотните деликти и делата против јавниот ред, додека, пак, насилните и половите кривични дела се ретки, но со висока општествена опасност. Казнената политика е доминантно ориентирана кон воспитни мерки, што укажува на усогласеност на националниот систем со меѓународните стандарди за правда за децата.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Резултатите од истражувањето укажуваат на неопходност од системски пристап во превенцијата на детското престапништво. Примарната превенција треба да биде насочена кон децата од пониска возраст преку едукативни програми, јакнење на семејната функција и развој на социјални и емоционални вештини. Секундарната превенција мора да биде фокусирана кон децата во ризик, особено во урбаните средини, преку училишни интервенции, спортски и културни активности и психосоцијална поддршка.

Кај постарите малолетници неопходно е развивање структурирани програми за ресоцијализација, професионална ориентација и за контрола на врсничките групи. Територијалните разлики бараат локално адаптирани политики, при што урбаните средини имаат потреба од интензивни младински програми, а руралните од зајакнување на институционалната достапност.

Особено внимание е потребно во доменот на насилните и половите кривични дела, каде што е неопходно јакнење на системот за рана детекција, заштита на жртвите и специјализирана обука на институциите.

## Користена литература

Buzarovska Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012), *Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците*. СППМД, Кавадарци. ISBN 978-9989-9968-0-1.

Lazetik, G., Mujoska Trpevska, E., Nanev, L., & others. (2021). Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво: Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции. Македонско пенолошко друштво.

Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018), *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016*. Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Petrovska, Nevena (2019), *Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст*. Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26 (1-2). pp. 1-27. ISSN 1409-5327.

Nanev, L., Kosevaliska, O., Maksimova, E., & Rogleva, A. (2021). Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност. In Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD (6–7 September 2021, Shtip).

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2016), *Заштита на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка*. Стручно списание „Правник" (293). pp. 50-60. ISSN 1409-5238.

Petrovska, N. (2016). Детско престапништво: Превенција и превентивни програми. Графостил.

Petrovska, N. (2021). Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво. Македонско пенолошко друштво.

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015): Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје.

Бужаровска, Г., Пајовиќ-Мишевска, С. (2010): Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничката правда, Зборник за малолетничка правда, Факултет за безбедност – Скопје.

Груевска Дракулевски, А., Стојановски, В. (2013): Положбата на децата сведоци и жртви на кривични дела во македонското законодавство наспроти стандардите на

Европската Унија, Вградување на знаењето за ЕУ, Збирка на документи за јавна политика, Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје, стр. 139.

Државен завод за статистика https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniDecaStoriteli/650_SK4_Op_T35_ml.px/table/tableViewLayout2/.

Камбовски, В., Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Арифи, Б., Кошевалиска, О., (2018): Коментар на Законот за правда за децата со практикум, УНИЦЕФ.

Buzarovska Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012) *Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците*. СППМД, Кавадарци. ISBN 978-9989-9968-0-1.

Камчева, Т. (2011). Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и условите за живот во семејството. Магистерски труд, Педагошки факултет, УГД, Штип.

Лажетиќ Бужаровска, 2011, Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, Трет Загрепско-скопски правен колоквиум, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol. 61 No. 2 Ožujak 2011, стр. 441–468.

Лажетиќ, П., Петровска, А., и Кикерекова, Б. (2024). Поважните измени во Законот за правда за децата во светлината на тенденциите и состојбите со детското престапништво, Македонска ревија за казнено право и криминологија.

Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенцијана детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wpcontent/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf.

Лажетиќ, Г., Мисоски, Б., Кошевалиска, О., Нанев, Л., (2025) Правда за деца, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје.

Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Петровска, Н., 2020, Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, ОБСЕ Мисија во Скопје и СППМД.

Фетаи, Ф. (2023). Положбата на жртвата во кривичната постапка во светлина на предложените измени на Директивата на ЕУ за правата на жртвите од 2012 година. Преземено на 15.10.2025 од http://maclc.mk/Upload/Documents/FF.pdf.

**Prof. dr. Olga Koshevaliska**[24]

**Ivan Buraliev**[25]

# CHILD DELINQUENCY IN NORTH MACEDONIA (2017–2024): PHENOMENOLOGICAL ANALYSIS AND IMPLICATIONS FOR PREVENTION POLICIES

**Abstract**

This paper presents a quantitative analysis of convicted juvenile delinquency in the Republic of North Macedonia for the period 2017–2024. The study is based on official statistical data on convicted juveniles, their gender, age, territorial and offence-based structure, as well as the types of sanctions imposed. The findings indicate that juvenile delinquency represents a relatively stable phenomenon, with a predominance of property crimes, offences against public order, and traffic-related crimes. The gender structure reveals a strong dominance of male juveniles, while the territorial distribution shows a concentration of delinquency in specific municipalities. The sanctioning policy is predominantly oriented towards educational and correctional measures, in line with international standards for dealing with children in conflict with the law. The results highlight the need for strengthening local preventive policies, early intervention mechanisms, and an integrated institutional approach.

**Keywords:** *juvenile delinquency, quantitative analysis, juvenile crime, sanctions, preventive policies, North Macedonia*.

[24] Full Professor at the Faculty of Law, Goce Delchev University – Štip. E-mail: olga.kosevaliska@ugd.edu.mk.
[25] PhD Candidate at the Faculty of Law, Goce Delchev University – Štip. E-mail: buraliev.ivan@gmail.com.